Ова истражување имаше две основни научни цели и тоа: прво, да направи научна дескрипција за социодемографската и социоекономската структура на социолозите од општината Битола и второ, да се провери дали постои поврзаност меѓу одделните социоекономски параметри и атрибутот "(не)задоволството од статусот" во организацијата каде се вработени социолозите.

Освен овие научни цели, ова истражување има и одредени општествени цели. Основната општествена цел е врз основа на добиените податоци од ова истражување да се преземат одредени активности со цел да се надминат некои проблеми кои се присутни во секојдневниот живот и во работата на социолозите. Во оваа смисла, пред сé, вниманието треба да се насочи кон дејствување преку професионалните организации (Здружението на социолозите на Република Македонија) за подобрување на професионалниот авторитет и подигнување на рејтингот на социолозите на повисоко ниво во целата Република.

Исто така ова истражување има за цел да послужи како изведување на други слични истражувања. Така, на пример, ќе биде доста полезно да се направи еден прашалник (или неколку) унифициран на ниво на Република Македонија со кој ќе се проучат состојбата и промените во социодемографска и социоекономска смисла и во однос на статусот на социолозите.

**Методолошки пристап**

1. Во ова истражување е извршено анкетирање на сите социолози во општината Битола до крајот на 1992 год. и од тој аспект во методолошка смисла ова е истражување со целосен опфат на постојната популација на дипломирани социолози во општината Битола.

Освен прашалникот како извори на податоци кои ќе се презентираат во овој труд, се и разговорите што ги водеше авторот со испитаниците во форма на нестандардизирано интервју, со што многу од добиените податоци беше можно подобро да се разберат и да се толкуваат посеопфатно. Од друга страна, разговорите кои беа водени со испитаниците беа корисни и во хевристичка смисла, зашто укажаа во која насока би можеле да се одвиваат идните истражувања поврзани со оваа проблематика.

2. Прашалникот што беше употребен при анкетирањето содржи вкупно 15 прашања кои опфатија: прашања поврзани со личните белези на испитаниците, потоа податоци поврзани со местото и времетраењето на студирањето, просечната оценка на

студии, времето на чекање за вработување, како и прашања поврзани со статусот на испитаниците во организациите во кои работат. Во понатамошниот текст може да се сретне некаде изразот "работна организација". Во овој контекст потребно е да се истакне дека тој израз се сфаќа во социолошка смисла како организација каде што работат испитаниците, а не се идентификува истиот со "работна организација" во смисла на поранешните определби во ЗЗТ и во другите позитивни законски прописи во минатото.

Анкетирањето беше изведено во периодот од октомври до декември 1992 г. лично од страна на авторот, при што испитаниците во најголема мерка сами ги пополнуваа прашалниците. Некаде авторот ги пополнуваше прашалниците лично во присуство на испитаниците, за да би се избегнале одредени недоразбирања.

3. При анализата на податоците во ова истражување применети се два вида статистички постапки. Прво, беа применети постапки кои се однесуваат на различните карактеристики на дистрибуциите фреквенции (аритметичка средина и стандардна девијација). Второ, за анализирање и утврдување на поврзаноста помеѓу две варијабли на (зависната – задоволството од статусот во работната организација и независните варијабли: времетраењето на студирање, просечна оценка на студии, времето на чекање за вработување, вработеноста како социолог, степенот на образование што се признава во организацијата каде што се вработени испитаниците), применети се тестирањето на хипотези со помош на Хи – квадрат и коефициентот на контингенција, а во табелите 2 x 2 пресметуван е Фи-коефициент.

## Хипотетичка рамка

Во ова истражување е поставена една генерална хипотеза: "Постои меѓусебна поврзаност на одредени социодемографски и социоекономски белези карактеристични за социолозите од општината Битола со нивното (не)задоволство од статусот во организациите каде што се вработени".

Поврзано со оваа општа хипотеза е поставена и една посебна хипотеза, којашто со ова истражување треба да се провери. Тоа е следната хипотеза: "Постои поврзаност меѓу времето на чекање за работа, вработеноста според струката и степенот на образование кое се признава (плаќа), од една страна и (не)задоволството од статусот во организацијата каде социолозите се вработени".

Во ова истражување се поставени и неколку поединечни хипотези.

Прво, "постои поврзаност меѓу *ВРЕМЕТО НА ЧЕКАЊЕ ЗА РАБОТА* и (не)задоволството од статусот, изразена на тој начин што оние кои подолго чекале за работа се помалку задоволни од својата позиција во организацијата каде што работат".

Второ, "постои поврзаност меѓу *ВРАБОТЕНОСТА СПОРЕД СТРУКАТА* (како социолог) и (не)задоволството од статусот, изразена на тој начин што оние кои се вработени според струката се задоволни од својот статус во организацијата".

Трето, "постои поврзаност помеѓу *СТЕПЕНОТ НА ОБРАЗОВАНИЕ КОЕ СЕ ПРИЗНАВА (ПЛАЌА)* во организацијата и задоволството од професионалниот статус во истата, која се манифестира на тој начин што оние на кои им се признава (плаќа) повисоко образование се позадоволни од својот статус во однос на другите свои колеги".

## 1. Основни карактеристики на социодемографската структура и социоекономскиот статус на социолозите од општината Битола

1.- Податоците што беа обработувани во врска со возраста на социолозите од општината Битола, беа групирани во четири групи и тоа: до 30 години, од 31 до 40 години и преку 40 години. Најголемиот дел од испитаниците според својата возраст припаѓаат на групата од 31 до 40 години. Во групите до 30 години и преку 40 години беше регистриран по еден испитаник. Затоа групата од 31 до 40 години беше поделена на две подгрупи: од 31 до 35 години и од 36 до 40 години. Така поделени 9 испитаници припаѓаат на групата до 35 год. а 5 испитаници на групата од 36 до 40 год. Просечната старост на социолозите од општината Битола изнесува 34,1 година.

2.- Дистрибуцијата на испитаниците според полот се покажа многу изедначена, скоро идентична. Имено, од вкупно 15 социолози во општина Битола 8 се од женски пол, а 7 од машки пол.

3.- Според местото на раѓање интереесно е дека има двојно повеќе социолози кои живеат во општината Битола и се родени во град (10), во однос на оние кои се родени на село (5). Притоа овде треба да се истакне дека од оние кои се родени на село само двајца потекнуваат од село од општината Битола, а другите се од општини вон Битола. Од испитаниците од градско потекло дури 7 се родени во Битола, а само 3 во некој друг град.

4.- Дистрибуцијата според годините на студирање на испитаниците се покажа како нормална. Во однос на овој параметар испитаниците беа групирани во три групи и тоа: оние кои студирале

до 4 години, од 5-6 години и преку 6 години. Од сите испитаници само тројца испитаници студиите ги завршиле точно навреме за 4 години, а исто толку студирале повеќе од 6 години. Најголем дел од социолозите (9) се дистрибуирани во групата која студирала 5-6 години. Така просечното време на студирање на испитаните социолози од општината Битола изнесува (5,93 години).

5.- Дистрибуираноста на испитаниците според просечната оценка на студии се покажа како многу рамномерна (фактички идентична во однос на бројот на испитаници по одделни групи). Имено, точно по 5 социолози беа дистрибуирани во следните 3 групи според просечната оценка на студии: од 6.00-7.00; 7.01-8.00 и од 8.01 до 10.00. Просечната оценка на студии на дипломираните социолози од општината Битола е 7,53.

6.- Бројот на дипломираните социолози кои се вработени на неопределено работно време, во однос на вкупниот број на социолози во општината Битола е многу висок. Имено, од вкупно 15 социолози дури 13 се вработени на неопределено работно време, а 2 се евидентирани како невработени (до крајот на 1993 г.).

7.- Посебно е интересна дистрибуцијата на испитаниците според времето на чекање за вработување. Имено, беа формирани три групи според времето на чекање за вработување, во кои беа дистрибуирани социолозите од општина Битола. Притоа е извршена анализа на два начина: прво, за сите социолози – вработени и невработени и второ, само за вработените социолози. Просечното време на чекање за работа за сите социолози (вработени и невработени) изнесува 1,8 години. Но, тој просек е уште помал ако се одделат двата социолози кои се се уште невработени (а едниот од нив е невработен цели 7 години) и тогаш просекот на чекање за работа е само 1,3 години. Навистина, може да се претпостави дека ретко може да се најде ваква поволна структура во однос на вработувањето на неопределено време кај другите социолози од Република Македонија, а веројатно и кај кадри од други профили.

8.- Анализираните податоци за вработеноста на социолозите од општината Битола според струката покажуваат дека 9 од нив се вработени како социолози, а 4 се вработени на други работни места. Од оние кои се вработени како социолози, 6 се вработени како професори по социологија, од кои 5 во средното образование и 1 во вишото образование. Од останатите тројца, еден социолог е вработен во стопанството, а двајца во други институции како социолози.

Од оние кои не се вработени како социолози 1 е вработен како кадровски референт, 1 како одговорен за компјутери, 1 како финансиски раководител и 1 е вработен во приватно претпријатие.

9.- Во однос на признавање (плаќање) на одреден вид/степен на образование постојат разлики во однос на тоа дали некој е вработен како социолог или не. Од оние кои се вработени како социолози дури на десет им се признава високо образование, на по еден испитаник им се признава средно, вишо и постдипломско образование.

Кај оние испитаници кои не се вработени како социолози на по еден им се признава средно и вишо, а на двајца им се признава високо образование. Но, според разговорите со испитаниците (освен со оние кои се вработени како професори по социологија) и покрај тоа што на повеќето формално им се признава високо образование, фактички тие со примањата се доста девалвирани (така што според нивните искажувања, повеќето од нив земаат плати на ниво на КВ, ВКВ работници, или во најдобар случај како оние со вишо образование).

10.- Во однос на (не)задоволството од статусот во работната организација, со анализа на податоците се покажа дека постои значајна поврзаност меѓу тој параметар и вработеноста на испитаниците соодветно на струката. Имено, од вкупно 13 вработени социолози, 9 изјавија дека се задоволни од својот статус во работната организација, а 4 дека не се.

Со анализа на податоците се покажа дека 4 незадоволни се точно оние кои не се вработени на струката (како социолози). Но, од разговорите со испитаниците се покажа дека оние кои заокружиле дека се задоволни, тоа го направиле во релативна смисла, водејќи притоа сметка за целокупната општествена ситуација. Ова може да се земе и како слабост на прашалникот, затоа што не беше направено пробно истражување со кое ќе можеше оваа и некои други слабости да се отстранат. Но, од друга страна, тоа може да биде и поттик за попродлабочено истражување во кое ќе се мерат ставовите на испитаниците во врска со степенот на нивното (не)задоволство од работата. На пример, во некое идно истражување тоа би можело да се направи со помош на скала за мерење на ставови од Ликертов тип.

За оние кои одговориле дека не се задоволни од статусот што го имаат во организацијата во прашалникот беше дадена можност да одговорат уште на едно дополнително прашање во кое беа дадени четири опции:

а) имам мала плата (=2); б) не работам на соодветно работно место(=3); в) не сум професионално почитуван (=3) и г) друго (што)=2. Во опцијата под г) беа регистрирани два одговора: 1. немам доволен обем на работа и 2. нема разбирање за оваа струка.

## 2. Поврзаноста на (не)задоволството од статусот во организацијата со одделни социоекономски параметри

Во ова истражување беа вкрстени со зависната варијабла "(не)задоволство од статусот во организацијата" следните атрибути: времето на чекање за вработување, вработеноста според струката (како социолог) и видот на образование што се признава/плаќа.

1.- Анализираните податоци во врска со тестирањето на хипотезите (Хи-квадрат = 5,31) покажуваат дека на ниво на значајност од 0,05 може со висок степен на веројатност да се отфрли нултата хипотеза "дека не постојат статистички значајни разлики меѓу задоволството од статусот во организацијата и времето на чекање за вработување", додека истата со висок степен на веројатност може да се прифати само на ниво на значајност од 0,01. Имено, со висок степен на веројатност може да се тврди дека на ниво на значајност од 0,05 постојат значајни разлики меѓу времето на чекање за работа и (не)задоволството од статусот во организацијата каде се работи, а пак разликите кои постојат меѓу тие белези на ниво на значајност од 0,01 не можат со доволен степен на сигурност да се генерализираат.

Пресметаниот коефициент на корелација (Фи=0,595) покажува дека со висок степен на веројатност можеме да тврдиме дека постои значајна поврзаност меѓу задоволството од статусот во организацијата и времето на чекање за работа, кај социолозите во општината Битола.

Таа поврзаност се манифестира на тој начин што оние кои помалку чекале за работа се позадоволни од својот статус во организацијата каде што работат, во однос на другите кои подолго чекале за работа.

2.- Според пресметаните резултати (Хи-квадрат = 4,41), на ниво на значајност од 0,05 може со висок степен на веројатност да се прифати хипотезата дека "постојат значајни разлики меѓу (не)задоволството од статусот во организацијата и вработеноста според струката (како социолог)". Од друга страна, на ниво на значајност од 0,01 не може со доволен степен на сигурност да се генерализираат постоечките разлики меѓу двата белега. Дека постои значајна поврзаност меѓу двата понапред наведени белега потврдува и пресметаниот коефициент на корелација (Фи=0,542). Поврзаноста меѓу двете варијабли е таква што оние кои се вработени според струката се позадоволни од својот статус во организацијата, во однос на другите кои не се вработени според струката.

3.- Постоењето на значајна поврзаност меѓу задоволството од статусот во организацијата и степенот на образование кое се признава/плаќа со висок степен на веројатност е потврдено со пресметаниот коефициент на контингенција (0,466). Поврзаноста се манифестира на тој начин што задоволството од статусот во организацијата се зголемува со зголемувањето на образовниот степен што се признава.

Од друга страна, на двете вообичаени нивоа на значајност може да се каже дека не може со доволен степен на сигурност да се воопштат постоечките разлики кои можат да се сретнат меѓу испитаниците, што може да се види од пресметаниот Хи= квадрат (1,92).

## Заклучок

1.- Анализираните податоци во врска со дипломираните социолози од општината Битола потврдуваат дека социодемографската и социоекономската структура на испитаниците во основа е поволна. Тоа го потврдуваат повеќе податоци, почнувајќи од нивната просечна возраст (34,1 г.), потоа просечното време на чекање за вработување (1,3 години), просечната оценка на студии (7,53), а посебно бројот на социолозите кои се вработени на неопределено време (од вкупно 15 дипломирани социолози, вработени се дури 13).

Резултатите од испитувањето покажуваат дека повеќето од испитаниците кои се вработени на неопределено работно време (9 од вкупно 13) се во основа задоволни од својот статус што го имаат во работните организации. Овие резултати од истражувањето треба да се толкуваат со одредена резерва. Имено, од неформалните разговори кои се водени со испитаниците се покажа дека тие така одговориле водејќи сметка за целокупната општествена ситуација.

2.- Анализата на податоците во врска со поединечните хипотези кои се однесуваа на поврзаната меѓу задоволството од работата во организацијата и одделните параметри ги даде следните резултати:

Прво, прифатени се поединечните хипотези за постоење на значајна поврзаност меѓу задоволството од статусот во организацијата и времето на чекање за вработување, вработеноста според струката (како социолог) и степенот на образование што се признава/плаќа во организацијата;

Второ, таа поврзаност е таква што оние кои помалку чекале на вработување, оние кои се вработени според струката и оние на кои им се признава соодветно образование (високо), се во основа задоволни од својот статус во организацијата, за разлика од другите социолози.

## Литература

М-р Петре Георгиевски.- Социјалното потекло и животната ориентација на средношколската младина. Институт за социолошки и политичко-правни истражувања, Скопје 1972.

D-r Vladimir Mužić.- Metodologija pedagoškog istraživanja. Svjetlost. Sarajevo 1982.

Josip Županov, Željka Šporer.- "Profesija sociolog", Revija za sociologiju (Zagreb), 1-2/1884.

# ОСВРТИ И ПРИКАЗИ

*СОЦИОЛОШКИ ТЕРМИНОЛОШКИ РЕЧНИК*
*Институт за социологија при*
*Филозофскиот факултет и Македонска*
*академија на науките и уметностите, Скопје, 1995*

По повеќегодишна работа излезе од печат колективниот труд Социолошки терминолошки речник. При неговата изработка е појдено од веќе прифатеното мислење дека македонската социолошка терминологија претставува еден од главните услови за ефикасно и прецизно комуницирање во нашата научна работа.

Исто така, одлучувачко беше сознанието дека Социолошкиот терминолошки речник е неразделен дел од целокупната научна дејност во оваа област и значаен услов за ефикасно пренесување на знаењата во педагошкиот процес.

Оваа дејност е уште позначајна и поради фактот што социолошката терминологија дури сега се развива а социологијата како наука и како професија сé повеќе се афирмира и во нашата средина.

Со формирањето на Македонската академија на науките и уметностите се доби значаен центар за ефикасно спроведување на задачата за установување на научната и стручната терминологија во различните области.

Стручната терминолошка комисија за социологија се формира во 1971 година. Првата обработка на термините е објавена во Билтенот бр. 1 од 1982 година при Македонската академија на науките и уметностите.

Во Речникот сега се презентирани 1521 обработени термини земени од областа на општата социологија, посебните социологии и научните дисциплини сродни на социологијата.

Со оглед на тоа што работата на Речникот траеше подолго време беше неопходно постојано да се врши и извесно иновирање на текстот, како и негово прочистување од присутните идеолошки примеси.

Терминолошката комисија од областа на социологијата за подготвување и издавање на речникот беше формирана од специјалисти, универзитетски професори чие искуство беше

драгоцено при неговата изработка. Во работната група беа ангажирани и помлади луѓе чија иницијатива и елан придонесоа Речникот да биде завршен.

Мораме да констатираме дека работата беше доста напорна, но максималното ангажирање на луѓето и нивниот ентузијазам придонесе овој Речник да биде претставен како финален продукт од работата на Комисијата.

Речникот е плод на тимската работа на единаесетмина соработници, кои имаа целосна слобода при работата (д-р Т. Чокревски, д-р Л. Никодимовски, д-р М. Ташева, д-р А. Јовановиќ, д-р Ј. Корубин, д-р Н. Стојаноски, д-р А. Петковска, д-р И. Трајковски, Е. Калајлиевска и В. Плушкоски).

Редакторите на целокупниот материјал (д-р Ј. Корубин и д-р И. Ацески) во основа го задржаа конепцискиот и стилскиот индивидуализам на авторите иако тоа на моменти може да изгледа и како недостаток.

Меѓутоа, и покрај сето внимание, совеста на научните работници и стручната ригорозност која може да се вложи во ваков труд, треба да се каже дека речниците од таков вид – и кај народите кои имаат поголема традиција на ова подрачје, не можат да бидат без недостатоци.

Без сомневање и во нашиот Речник ќе се најдат и некои недоволно прецизни објаснувања, испуштени поими па и занемарување на одделни подрачја што можат да се објаснат и со недостатокот на стручни изданија кај нас кои можеле да послужат како пример во пишувањето на овој Речник. Покрај тоа, недоволната и недостапната социолошка литература, па и бројните нерешени теоретски проблеми во социологијата беа главна тешкотија на која авторите наидуваа при неговото составување.

Сепак, самата содржина дава можност корисниците да оценат колку се успеало во овој потфат при што секоја забелешка ќе биде драгоцена при неговото повторно издавање.

Сметаме дека и самата општествена практика, на свој начин, ќе се одрази врз социолошкиот појмовен апарат (со потребата од преформулирање и дополнување на постојната терминологија), во смисла што некои од утврдените термини во целост ќе ги прифати или ќе ги отфрли.

Се надеваме дека Речникот одговара на една реална, голема и итна потреба на нашата терминологија, дека тој како таков ќе им овозможи на поголем број луѓе да го зголемат и да го освежат своето знаење за општеството и неговите проблеми.

**Д-р Блага Петроска**